# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МУЛТИЛАТЕРАЛЕН ТРГОВСКИ СИСТЕМ И МЕЃУНАРОДНИ ТРГОВСКИ ТРАНСАКЦИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет - Скопје, објавен во весниците ,,Слободен печат” и ,,Коха” од 01.06.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1091/3 од 17.06.2022 година, донесена на седницата одржана на 17.06.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љубица Костовска, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје и д-р Билјана Секуловска-Габер, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции, во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска е родена на 15.02.1979, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1997 година. Со високо образование се стекнала на УКИМ, Економскиот факултет во Скопје во 2001 година на департманот по надворешна трговија. Дипломирала на 11.07.2001 година, со просечен успех 9,06.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а може да разбира и француски јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по надворешен промет на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 9,44. На 29.09.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Либерализација на меѓународната трговска размена помеѓу Европската унија и СТО.*

Докторска дисертација пријавила во декември 2007 година на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: *Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем* ја одбранила на 09.11.2012 година, пред комисија во состав: проф. д-р Ирена Кикеркова, академик Гоце Петрески , проф. д-р Љубица Костовска, академик Таки Фити и проф. д-р Билјана Секуловска-Габер. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

Д-р Катерина Тошевска-Трпчевска е вработена на Економскиот факултет во Скопје од 01.12.2003 година.